Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 14.07.2021
Орг.Един. / Njësia Org.: 32 | Број: / Numër: 4475 | Прилог: / Shtojcë: ✓ | Вредност: / Vlerë: ✓

**Влада на Република Северна Македонија**

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор

**ПРИЈАВА**

**за учество на пет претставници на граѓанскиот сектор во Работната група за изработка на измени и дополнување на Законот за здруженија и фондации**

По Јавен повик објавен на ден 26.4.2021 година

**Податоци за организацијата**

**1. Општи податоци**

Име на здружението/фондацијата: Фондација Отворено општество - Македонија

Седиште и адреса: ул. Чедомир Миндеровиќ број 31, Скопје

Регистарски број (ЕМБС) и датум на упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија: ЕМБС: 5332095, Датум на основање: 31.05.1999 год.

Единствен даночен број: ЕДБ 4030999370170

Телефон за контакт и е – пошта: 070/327-261, fosm@fosm.mk

Име и презиме на овластеното лице за застапување: Фани Каранфилова-Пановска, Извршна директорка

Област/и на дејствување согласно Статутот: Заради придонес во демократски, општествен економски и социјален развој, владеење на правото, еднаквост и слобода на критичката мисла, Фондацијата спроведува активности во областите: развој на граѓанско општество; добро управување; правосудство и темелни права; образование, наука и истражување; млади и вработување; здравство, унапредување на здравјето и социјална правда; животна средина, климатски промени и одржлив развој; информаци и дигитални права; транспарентност и отчетност; медиуми и комуникации, култура, уметност и издаваштво; локален и регионален развој; економско управување и унапредување; европски интеграции и политики. Фондацијата врши дејности од јавен интерес, согласно Законот за здруженија и фондации.

## Податоци за кандидатот

**1. Општи податоци**

Име и презиме на кандидатот: Данче Даниловска-Бајдевска

Вид и степен на образование: Дипломиран правник; Магистер на правни науки

Телефон за контакт и е - пошта: 070/327-261; dance.danilovska@fosm.mk

**2. Професионално искуство на кандидатот**

Број на години на работно или волонтерско искуство во граѓанскиот сектор на прашања во областа на развој на граѓанското општество:
16 години работно искуство во областите на економско-социјалната сфера во Фондација Отворено општество –Македонија (од 2004г.).

Експертиза во областа на развој на граѓанското општество (број на спроведени проекти, објавени публикации, учество во работни групи, иницирање и учество во процеси за застапување и сл.)
Кандидатката за член на работната група за Предлог-Закон за здруженија и фондации повеќе од 16 години работи на над 50 проекти кои придонесуваат во унапредување на владеењето на правото во РСМ и доброто управување; заштита и унапредување на човековите права, како и развој на граѓанското општество. Кандидатката континуирано учествува во развивањето на стратегијата за работа на Фондацијата Отворено општество – Македонија, која се заснова на мисијата на организацијата „Внатрешна интеграција на општеството како предуслов за интеграција на Северн Македонија во ЕУ". Кандидатката е уредник на Анализата на финансиската поддршка на здруженијата и фондациите од буџетот на РСМ(2017-прва половина на 2019г.) со компаративна анализа на моделите за државно финансирање од другите земји и предлог модел на Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество ко-финасирање на ЕУ проектите во РСМ (достапна на: https://fosm.mk/wp-content/uploads/2020/11/analiza-za-drzavna-finansiska-poddrska0922020.pdf). Во изминатите три години, кандидатката учествуваше како член на работните групи за развивање на; Предлог-Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси; Предлог-Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер; Нацрт-Стратегија за транспарентност на Владата на РСМ (2019-2021); а изработувала предлози за застапување за подобрување и развивање на Предлог-Закон за заштита и спречување на дискриминација; Предлог-Закон за лобирање; Нацрт-Стратегија за соработка и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020); Предлог измени и дополнувања на Одлука за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор; и други.
Кандидатката учествува како ко-автор, дел од експертскиот тим за изработка на Стратегија за транспарентност на Владата на РСМ (2019-2021); ко-автор е на студии за отвореност на институциите од извршната власт, судската власт, локалната самоуправа и Собранието во региното и РСМ (2017, 2018, 2019) или уредник на публикации, како на пример, „Заслепена правда: До заробена држава во Северна Македонија - судство, јавно обвинителство и полиција" (2020); уредник на едицијата „Реформите наспорти правата во РСМ" (2017);

уредник на едицијата „Законите под лупа“ (2014) и др. Публикациите се достапни на следниот линк https://fosm.mk/publikacii/?filter_by=vladeenje-na-prav-i-dobro-upravuvanje.

Активно познавање на англискиот јазик ☒ да

**3. Дали кандидатот е:**

| | | |
|---|---|---|
| Член на орган на политичка партија | ☐ да | ☒ не |
| Избрано или именувано лице | ☐ да | ☒ не |
| Вработен во орган на државната управа | ☐ да | ☒ не |

Место и датум
04.05.2021г. Скопје

МП

Потпис на овластеното лице за застапување

# Профил на Фондацијата Отворено општество – Македонија (ФООМ)

Фондација Отворено општество – Македонија е дел од глобалната мрежа Фондации Отворено општество основани од американскиот инвеститор и филантроп Џорџ Сорос, која во Македонија официјално отпочна со работа во 1992 година. Мисијата на Фондацијата е внатрешна интеграција како предуслов за интеграција на државата во ЕУ.

Од основањето до денес, Фондацијата посветено работи на креирање динамично и толерантно општество во кое граѓаните се свесни и активни, а властите отчетни, општество во кое се почитуваат различностите и се поттикнува критичката мисла, општество во кое сите имаат еднакви можности да ги искористат своите потенцијали, да бидат вклучени во донесувањето одлуки и да иницираат позитивни општествени промени.

Во текот на своето дваесет и шестгодишно постоење и работа, Фондацијата вложи повеќе од 100 милиони долари за демократизација на македонското општество и подобрување на животот на граѓаните. Преку грантови за граѓански организации, неформални групи и индивидуалци, јакнење на капацитети, поддршка за развивање на јавни политики, мониторинг и активности за застапување, ФООМ ја поддржува работата на граѓанското општество и промовирањето на вредностите на отвореното општество во повеќе области: развој на граѓанското општество, унапредување на здравството и образованието, зајакнување на владеењето на правото, почитување и заштита на човековите права, слобода на говорот, младинската ангажираност, интеграцијата на Ромите и на другите маргинализирани заедници, кои ќе овозможат борбата против корупцијата, но и пристап до правда за сите граѓани подеднакво. Фондацијата гради партнерства и соработува со централните и локалните власти, граѓански организации и донатори и промовира регионално поврзување и соработка.

Фондацијата Отворено општество-Македонија останува посветена на вредностите кои и до сега и беа мотивација за работа – владеењето на правото, транспарентност и отчетност на властите – и во ова време на подготовки за членство на нашата држава во НАТО и датум за преговори за членство во Европската Унија. Оттука, своите напори и ресурси во периодот 2021-2024 Фондацијата ќе ги насочи кон постигнување на следниве стратешки цели: 1) Обликување на дебатата за политики за намалување на нееднаквостите со кои се соочуваат маргинализираните заедници. Со обезбедување на докази за основните причини и ефекти на социјалните детерминанти на неправда и со зајакнување на маргинализираните групи да учествуваат и да ги артикулираат нивните потреби, се очекува напорите за застапување од страна на ФООМ да резултираат со: заострен фокус на структурните недостатоци во трите главни области на интервенција, т.е. образование, здравство и заштита на животната средина; зголемено разбирање и волја на креаторите на

политики да ги решаваат нееднаквостите на системски начин; сменет доминантниот јавен наратив дека одговорноста за креирање и спроведување на политиките лежи само кај власта; и унапредено претставување, учество и придонес на социјално маргинализираните групи во политиките и процесите што влијаат на нивната благосостојба.

2) Зајакнување на дејствувањето на граѓанското општество за зголемување на нивното учество и инпут преку вклучување на интерсекторски приод во обликувањето на политиките. Со примена на структуриран надзор спроведен од тематски мрежи на граѓанското општество, се очекува напорите на ФООМ да резултираат со: оправдани вкрстувања на корупцијата, недостатоците кај владеењето на правото и социјалната неправда; зголемено интерсекторско знаење, координација и соработка меѓу тематските мрежи на граѓанското општество; и зголемена моќ за застапување на граѓанското општество за трансформација на политиките врз основа на принципите на социјална правда.

Стратегијата на ФООМ е развиена во четири одвоени портфолија: Здравство во сите политики, Зелен скок, Образование за ученици од помалку бројните заедници и социјално загрозените ученици и Граѓанско учество за социјална правда. Портфолијата се меѓусебно поврзани преку нивниот фокус да се справуваат со структурните социјални нееднаквости и примената на интерсекторскиот приод.

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

| | |
|---|---|
| Име | **ДАНЧЕ ДАНИЛОВСКА-БАЈДЕВСКА** |
| телефон | **070/327-261** |
| E-mail | **dance.danilovska@fosm.mk** |
| Година на раѓање | **1980 год** |

**ОБРАЗОВАНИЕ:**

| | |
|---|---|
| 2016 година | Магистер на правни науки<br>Правен факултет „Јустинијан први", Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје<br>Теза: Судската пракса како извор на правото: управниот спор во промоција на правото на пристап до информации од јавен карактер |
| 2004 година | Дипломиран правник - Правен факултет „Јустинијан први", Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје |

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

| | |
|---|---|
| • Дата (од-до) | **ЈАНУАРИ 2020 – ДО ДЕНЕС** |
| • име и адреса на работодавачот | **ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА, БУЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.111, СКОПЈЕ** |
| • вид на сектор | **КОНЦЕПТ „УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ"** |
| • позиција | **ПРОГРАМСКА ДИРЕКТОРКА** |
| • главни активности и одговороности | Целта на програмата на која работи е да ја поддржи реформската агенда поврзана со пристапувањето во ЕУ, во областите правосудство, борба против корупција и заштита од дискриминација, со што ќе придонесе за европеизирање на општеството.<br>Специфични цели на програмата се: (1) Да се зајакне капацитетот и да се зголеми знаењето на граѓанските организации и администрацијата за прашања поврзани со институционалната структура на ЕУ и клучните политички процеси; за процесот на преговори, како и за правото на ЕУ во областите борба против корупција, судство и спречување и заштита од дискриминација, (2) Да се овозможи структуриран дијалог помеѓу граѓанските организации и Владата, како механизам за креирање јавни политики во областите борба против корупција, судство и спречување и заштита од дискриминација, (3) Да се набљудува целокупниот процес на пристапување во ЕУ за да се осигура дека реформите му служат на јавниот интерес и ги задоволуваат очекувањата на граѓаните и (4) Да се зголеми протокот на информации и да се подобри разбирањето на граѓаните за реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ, со што ќе им се помогне да направат информиран избор и поддршка на реформските процеси за европеизирање на општеството<br>Дополнително, член е на работна група за приоритетот 3. Слобода на информации од Акцискиот план за отворено владино партнерство. Активно учествува и ги следи процесите на развој на иницијативата Отворено владино партнерство, во Северна Македонија и на меѓународно ниво. |

| | |
|---|---|
| • Дата (од-до) | **ЈАНУАРИ 2018 – ДЕКЕМВРИ 2019** |
| • име и адреса на работодавачот | **ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА, БУЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.111, СКОПЈЕ** |
| • вид на сектор | **КОНЦЕПТ „ГРАЃАНСКА АКЦИЈА ЗА ИТНИ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ"** |
| • позиција | **ПОСТАРА ПРОГРАМСКА КООРДИНАТОРКА** |
| • главни активности и одговороности | Целта на програмата на која работи се стреми кон исполнување на две цели: Да се поддржат мрежи во граѓанското општество кои влијаат на спроведувањето на Ургентни |

реформски приоритети (УРП) и да се поттикне дијалог меѓу граѓанското општество, Парламентот и медиумите, што ќе придонесе за информирана јавна дебата за напредокот во однос на агендата за пристапување во ЕУ.

Дополнително, член е на работна група за приоритетот 3. Слобода на информации од Акцискиот план за отворено владино партнерство. Активно учествува и ги следи процесите на развој на иницијативата Отворено владино партнерство, во Македонија и на меѓународно ниво.

Исто така, член е на работна група при Министерството за правда на РМ за подготовка на измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен каратер; член е на работна група за подготовка на Стратегија за отворени податоци, а во текот на 2017 беше член на работна група за подготовка на Стратегија за реформа на јавната администрација во РМ 2018-2022.

| | |
|---|---|
| • Дата (од-до) | **ЈАНУАРИ 2014 – 31 ДЕКЕМВРИ 2017** |
| • име и адреса на работодавачот | ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА, БУЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.111, СКОПЈЕ |
| • вид на сектор | КОНЦЕПТ „ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ГРАЃАНИТЕ“ |
| • позиција | **КООРДИНАТОР НА ПРОГРАМА** |
| • главни активности и одговорoности | Учествува во зголемување на административните и финансиските капацитети на локалната самоуправа и доброто владеење во училиштата во три општини, како и зајакнување на граѓанскиот сектор за активно учество во животот на заедницата. Исто така, работи на зголемување на учеството на граѓаните во процесот на креирање на политиките на локално ниво и подобрување на квалитетот на општинските услуги. Дополнително, член е на работна група за приоритетот 3. Слобода на информации од Акцискиот план за отворено владино партнерство. Активно учествува и ги следи процесите на развој на иницијативата Отворено владино партнерство, во Македонија и на меѓународно ниво. |

| | |
|---|---|
| • Дата (од-до) | **ФЕВРУАРИ 2012 – ДЕКЕМВРИ 2014** |
| • име и адреса на работодавачот | ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА, БУЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.111, СКОПЈЕ |
| • вид на сектор | ПРАВНА ПРОГРАМА |
| • позиција | **КООРДИНАТОР НА ПРАВНАТА ПРОГРАМА** |
| • главни активности и одговорoности | Учествува во креирање и спроведување на компонентите: Транспарентност и отчетност, Заштита на човековите права и Апроксимација на македонското законодавство со законодавството на ЕУ. Активно учествува и ги следи процесите на развој на иницијативата Отворено владино партнерство, во Македонија и на меѓународно ниво. Дополнително, одговорна е за менаџирање на буџетот на Правната програма и за подготовка на извештаите од спроведените активности. |

| | |
|---|---|
| • Дата (од-до) | **НОЕМВРИ 2004 – ЈАНУАРИ 2012** |
| • име и адреса на работодавачот | ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА, БУЛ. ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.111, СКОПЈЕ |
| • вид на сектор | ПРАВНА ПРОГРАМА |
| • позиција | **КООРДИНАТОР НА ПРОЕКТИ ВО ПОТПРОГРАМА „ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ“** |
| • главни активности и одговорoности | Учествувала во развој на модел законодавство за слободен пристап до информации на централно и локално ниво во РМ, учествувала во развој на методологија за набљудување на имплементацијата на македонскиот Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, континуирано работи на набљудување на имплементацијата на слободниот пристап до информациите, има организирано и учествувано во повеќе информативни средби за граѓаните заради запознавање со правото на пристап до информации и пружање на бесплатната правна помош за остварување на ова право, подготвува соопштенија, прес-конференции и јавни настани. Дополнително, одговорна е за менаџирање на буџетот на проектите кои ги раководи и за подготовка на извештаите од спроведените активности. |

| | |
|---|---|
| Дополнителни информации | **Автор (група автори) на 12 публикации за отвореност на институциите од извршната власт, судската власт, локалната самоуправа и Собранието во регионот и РСМ, во издаваштво на Фондација за интернет општество Метаморфозис, Скопје (2019, 2018, 2017)**<br><br>**Автор (група експертски тим) за изработка на Стратегија за транспарентност на Владата на РСМ (2019-2021), поддржано од Фондација Отворено општество – Македонија, Фондација за интернет општество Метаморфозис, Скопје (2019)**<br><br>**Автор (група автори) на публикација „Шест години подоцна: Распука ли ѕидот од тишина", Извештај од имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во издаваштво на Фондација Отворено општество – Македонија, Скопје 2012 година**<br><br>**Автор (група автори) на публикација „Ѕид од тишина", Една година подоцна: Извештај од имплементацијата на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во издаваштво на Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2007 година**<br><br>**Автор (група автори) на публикација „Мала судска (cool)тура" во издаваштво на НВО Младински образовен форум, Скопје 2005 година**<br><br>**Автор (група автори) на прирачник „Учиме право – правна клиника", во издаваштво на НВО Младински образовен форум, Скопје 2005 година**<br><br>Уредник на публикација „Заслепена правда: До заробена држава во Северна Македонија - судство, јавно обвинителство и полиција" во издаваштво на Фондација отворено општество – Македонија, Скопје 2020<br><br>Уредник на едицијата „Реформите наспорти правата во РСМ" во издаваштво на Фондација отворено општество – Македонија, Скопје 2017<br><br>Уредник на едицијата „Законите под лупа", во издаваштво на Фондација отворено општество – Македонија, Скопје 2014<br><br>Уредник на публикација „Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија" во издаваштво на Фондација отворено општество – Македонија, Скопје 2013<br><br>Уредник на публикација „Надминување на принципите на тајност во работењето на администрацијата" Извештај од спроведеното истражување за правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во Македонија, во идаваштво на Фондација отворено општество – Македонија, Скопје 2013<br><br>Уредник на публикација „Ефективна одбрана во кривичните постапки во Република Македонија" во идаваштво на Фондација отворено општество – Македонија, Скопје 2013<br><br>Уредник на публикација „Анализа на процесот на креирање на регулативите преку изготвување проценка на влијанието на регулативата во 2010", во идаваштво на Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2011<br><br>Уредник на публикација „Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош", во идаваштво на Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2011<br><br>Уредник на публикација „Еднаквоста како основно право – со посебен осврт на практиката на Европскиот суд за човекови права во однос на заштитата од дискриминација", во идаваштво на Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2011<br><br>Уредник на учебник „Право на слободен пристап до информации од јавен карактер", во издаваштво на Правен факултет „Јустинијан Први" – Скопје, Скопје 2010<br><br>Уредник на публикација „Сонуваме да патуваме" Анализа на акдадемската мобилност преку алатката: пристап до информации од јавен карактер, во издаваштво на Младински образовен форум, Скопје, 2010 |

Уредник на публикација „Борба против организираниот криминал во Република Македонија, Билтен број 3“, за издавачот Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2007 година

Уредник на публикација „Борба против организираниот криминал во Република Македонија, Билтен број 2“, за издавачот Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2007 година

Уредник на публикација „Република Македонија и GRECO“, за издавачот Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2006 година

Уредник на публикација „Борба против организираниот криминал во Република Македонија, Билтен број 1“, за издавачот Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2006 година

Уредник на публикација „Стратегија за реформа на правосудниот систем“, финансирано од Фондација Институт отворено општество – Македонија, за издавачот Министерство за правда на РМ, Скопје 2005 година

Уредник на публикација „Процес на измена на Уставот на РМ, реформа на правосудниот систем“, финансирано од Фондација Институт отворено општество – Македонија, за издавачот Министерство за правда на РМ, Скопје 2005 година

Уредник на публикација „Македонија и корупцијата, состојба и предизвици“, за издавачот Фондација Институт отворено општество – Македонија, Скопје 2005 година

Познавање на јазици: Активно користи англиски јазик